ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
Палата Македонија
Скопје, Р.Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@drz.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 1203 -201/9**

**Дата: 11.12.2009**

**ДО**
**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ**

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Сметката за Наменски дотации (930) на Општина Карпош за 2008 година, кои се прикажани на страните 3 и 4.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 38 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Наменската сметка на Општина Карпош за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи на Наменската сметка на Општина Карпош за 2005 година и за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи дадено е позитивно мислење.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од :

- Д-р Андреј Петров, градоначалник 01.01. 2008 до 27.06.2008 година;
- Игнат Виларовски, вршител на должност градоначалник од 27.06.2008 до 06.10.2008 година, и
- Сашо Димиќ, вршител на должност градоначалник од 06.10.2008 до 31.12.2008 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 и 2 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена на 18.09. 2009, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10**.** Со ревизијата на финансиските извештаи за 2008 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**10.1. Неправилности во искажување на позициите во Билансот на состојбата**

10.1.1. На сметката за Наменски дотации (930) на Општина Карпош на 31.12.2008 година има салдо од 10.221 илјади денари непотрошени средства наменети за основните училишта и градинките, што е спротивно на Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа. Одговорното лице за финансии од општина Карпош на крај на годината ги известило службите во основните училишта и градинките за нереализираните средства и им доставило планови за реализација, но и покрај тоа што се известени, а имаат и не платени обврски, сепак одговорните лица во училиштата и градинките не доставиле барања за плаќања до Трезорот и средствата останале нереализирани.
Непочитувањето на законските прописи придонесува на сметката за наменски дотации да има салдо на 31 декември.

**Препорака:**
Средствата на сметката за наменски дотации да се трошат за намените за кои се дотирани од Буџетот на Република Македонија во текот на буџетската година за која се дотирани согласно финансиските планови на корисниците на тие средства.

11. Според наше мислење, финансиските извештаи ја прикажуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Сметката за наменски дотации (930) на Општина Карпош на ден 31 декември 2008 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

12. Мислење за наменско и законско користење на средствата за наменски дотации по корисници ќе се изрази во извештаите на државните ревизори за финансиските извештаи на соодветните корисници на средствата за наменски дотации.

Скопје, 04.12. 2009 година — Овластен државен ревизор

**Општина Карпош -Сметка за наменски дотации 930**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2008**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2008 | 2007 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1.1. | 278.420 | 98.759 |
| **Вкупно приходи** | | **278.420** | **98.759** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надомести | 3.2.1. | 220.356 | 54.115 |
| Стоки и услуги | 3.2.2. | 45.362 | 38.685 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **265.718** | **92.800** |
| **Капитални расходи** | 3.3. | **2.481** | **1.019** |
| **Вкупно расходи** | | **268.199** | **93.819** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **10.221** | **4.940** |

**Општина Карпош -Сметка за наменски дотации 930**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2008 | 2007 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 10.221 | 4.940 |
| **Вкупно тековни средства** | | **10.221** | **4.940** |
| **Вкупна актива** | | **10.221** | **4.940** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.1. | 10.221 | 4.940 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **10.221** | **4.940** |
| **Вкупна пасива** | | **10.221** | **4.940** |